Во училиштето по процедурата за идентификација на деца со посебни образовни потреби, се изготвува програма за работа и индивидуален образовен план за секој ученик со посебни образовни потреби за кој што има соодветна медицинска белешка односно извршена проценка од Комисијата за процена според МКФ. За подобрување на условите за работа со деца со ПОП, во училиштето функционира просторија Сензорна соба која е опремена со потребната асистивна технологија за децата со ПОП.
Училишниот инклузивен тим, во состав: директор Кристина Андриќ Стојановска, психолог Мери Синадиновска, дефектолог Маријана Грчевска Чадиковска,одделенски наставник Наташа Весковски, предметен наставник Слаѓана Чекичевска, родители Снежана Богдановиќ и Валентина Анѓелеска се грижат за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивни тимови за ученици кои што работат по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма од членот 30 од Законот за основно образование.
Во учебната 2023/2024 година во училиштето се евидентирани 8 ученици со мислење од Заводот за ментално здравје, а 5 ученика со процена на психофизичката состојба, извршена од страна на Стручно тело за процена според МКФ, за кои наставниците изработуваат посебни програми за работа. За учениците со ПОП во првото полугодие не беа обезбедени образовни асистенти од страна на ОУРЦ "Златан Сремец" од Скопје. Голем е бројот на ученици кои поради лоши материјални услови и социо-емоционална депривација покажуваат заостанување во психофизичкиот и социо- емоционалниот развој за кои ќе се организира дополнителна настава според потребите на учениците. За учениците со посебни образовни потреби се изготвуваат индивидуални образовни планови како и модифицирана наставна програма. Се планира и континуирана интерна обука за наставниците со која ќе се опфатат методите и диференцираната настава според специфичноста на посебните потреби на учениците. Дефектологот од училиштето редовно работи со оваа група на ученици, како индивидулано, така и преку посета на часовите.
За учениците од ромската етничка припадност, кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, училиштето ангажира образовен медијатор како и во претходната учебна година. Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштето, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањетона воспитно-образовниот процес на учениците.

Психологот дава советодавно-инструктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии и социјална неприлагоденост. Исто така даваи поддршка на учениците коипотекнуваат од социјално загрозените

Извештај за работа на образовниот
Медијатор за првото полугодие
Од учебната 2023/24

| Реализирани активности | Време за реализација | Очекувани резултати, | Одговорни лица кои ја следат реал. на актив. |
|---|---|---|---|
| 1.Подобрување на информираноста на родителите за значењето на образованието со акцент на запишување на првачињата во законски уписен рок<br>-превземање на активности за подигање на свеста кај ромското население на локално ниво во однос на важноста на образованието. | август, септември, октомври 2023 година | Информирани родители | директор |
| 2.Спроведување редовни средби со населението и вработените во основното училиште за редовноста на учениците<br>3. Постигања на учениците | октомври, ноември, декември | Добиени податоци за ученици кои не се редовни од ромската популација,<br>Посети на семејства<br>Подобрена состојба со редовноста на настава | директор<br><br>психолог настав-ници |
| 3. Реализирани средби со психолог, директор и наставниците за подобрување на постигањата на учениците<br>-Преземање на активности за зголемување на учеството на родителите во училиштето | Континуирано во текот првото полугодие | Подобрување на постигањата на учениците,<br><br>Зголемена мотивација кај учениците и родителите за редовност во извршување на училишните обврски | Психолог |
| 4.преземање активности за намалување на напуштањето на воспитно- образов-ниот процес на уче-ниците. | во тек првото полугодие | Намалување на напуштањето на воспитно- образов-ниот процес на учениците,<br><br>намалување на изостаноците на учениците | Директор<br>Психолог |

## *9.Вонnaставни активности*

Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб активно работи и ги опфаќа сите ученици од 1 – 9 одделение. Во програмата се застапени одбојка и фудбал од спортските игри а од оваа година се планира со започнување на тренинзи за подобрување на општата моторика и корективна гимнастика.

Секции

За развивање на различните интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно со Концепцијата за воннаставни активности која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.
За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајотна учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството вовоннаставнитеактивности.
Училиштето при организирањето на воннаставните активности ќе ги информира родителите и учениците на почеток на учебната година, ќе направи презентација на понудените активности и преку анкета со учениците ќе има увид за која секција постои интерес кај учениците. Учениците ќе имаат можност да избираат ученички секции според својот интерес и потреба. Наставниците ќе изработат програми за следниве секции:

-Одделенска настава: литературна, математичка, ликовна, драмско-рецитаторска и ритмичко- балетска;

-Предметна настава: литературна секција, математичка секција, млади физичари, млади хемичари,млади информатичари, млади биолози, географска секција, историска секција, секција за странски јазици, училишен хор и оркестар, слободни спортски активности и секција на слободни технички активности.

Акции

Општествено-хуманитарната работа во училиштето е планирана активност со однапред изготвена програма за работа со цел да се развива кај учениците грижа и желба да се помогне на ранливи категории на деца и болни и изнемоштени лица на кои им е потребна помош (традиционална соработкасо домот за стари лица „Мајка Тереза“ Злокуќани). Воедно се воведуваат во хуманитарната работа и се подига нивото на сензитивност кај учениците за солидарност и хуманост. Во училиштето традиционално се организира Новогодишен хепенинг, Велигденски хепенинг, собирни акции за облекаи обувки како и др. хуманитарни хепенинзи кои ги организира општината или на ниво на град, како и солидарно вклучување во хуманитарни акции кои ќе се организираат на локално ниво и пошироко.Во прилози е дадена табелата со планирани воннаставни активности (базари, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции и сл., со јасно дефинирани содржини, време на реализација, име и презиме на лицата задолжени за реализацијата на акциите, од кои паралелки ќе бидат активно вклучени учениците, потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат, тим за следење на акциитево кој ќе се вклучат родители - претставници од советот на родители.

**Клубови**

Во учебната 2023/2024 на во

училиштето беа активни

Клуб за кодирање

Во рамките на програмата ,,Училиште на 21 век" учениците имаа можност да се запознаат со уредот микробит, да се потикнаат на развивање на критичкото размислување и воведување во програмирањето. Учениците кои се дел од клубот имаат можност да ги продлабочат своите знаења од областа на програмирањето.

Клуб за граѓанско образование

Во клубот се вклучени ученици од осмо и деветто одделение со цел поттикнување на учениците на ученички активизам и иницијативи. Клубот активно работи на креирање локална иницијатива во рамки на локалната заедница или во училиштето како обид за кревање на свеста кај врсниците и жителите на заедницата.

## 10.Ученичко учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.

Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот парламент ги врши следните задачи:

- активно учествува во застапување и промовирана правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби,во реализација на наставата и вонnаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за вонnаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и организира и учествуваатво хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Претседателот на ученичкиот парламент се избра со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници одпретседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Планот за работа на ученичкиот парламент е приложен во прилозите на годишната програма.

Во првото полугодие во учебната 2023/2024 година, Ученичкиот парламент реализираше 4 состаноци (седници). Одговорни за поддршка на работата на Ученичкиот парламент се: наставникот по граѓанско образование Зоран Пржовски и психологот Мери Синадиновска

.

- 25.9.2023 г. - Конституирање на Ученичкиот парламент - Избор на претседател на Ученички парламент

  - Избор на Ученички правобранител;
  - Активности по повод Детската недела.

. 15.11.2023 г. - **Работилница:** “Колку добро ги познаваш своите права?”. - По повод Меѓународниот ден 20 ноември и МИО активности, психологот Мери Синадиновска, предметниот наставник Зоран Пржовски и предметната наставничка Наташа Томшиќ, реализираа работилница со ученичкиот парламент на тема: “Колку добро ги познаваш своите права?”, заради унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција, подобрување на меѓуетничката кохезија, позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански вредности.

17.11.2023 г. - Застапување и промовирање на правата и интересите на учениците - одбележување на Светскиот ден на детето,
- Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тромесчие
- Активности за надминување на предрасудите кон учениците со посебни образовни потреби.

28.12.2023 г. - Како да се користи правилно и рационално зимскиот распуст.

Ученичкиот правобранител, ученикот Матеј Цветковски се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

Детската организација се вклучуваше во сите активности кои се организираат во училиштето за одбележување на важни историски датуми, хуманитарни акции, еколошки активности, поттикнување на другарството, солидарноста и соработката. Работата на Детската организација се одвиваше под раководство на одговорниот

наставник Слободанка Пешевска.

## *11. Реализирани вонучилишни активности*

Екскурзии, излети, настава воприрода и посети

| | |
|---|---|
| Тим за изработка на програма за екскурзии, излети и настава во природа и посети | Екскурзии, излети , настава во природа и посети |
| | Пролетен еднодневен излет од 1 до 9 одд |
| | Есенски еднодневен излет од 1 до 9 одд. |
| | Еднодневна екскурзија 3 одд |
| | Дводневна екскурзија 6 одд. |
| | Тродневна екскурзија 9 одд. |
| | Настава во природа 5 одд. |
| Ивана Ристоска (шесто одд.) | Музеј на холокаустот од 7 до 9 одд |
| Слаѓана Чекичевска (шесто одд.) | Планетариум од 5 до 7 одд. |
| Наташа Томшиќ (деветто одд.) | Библиотека од 3 до 8 одд |
| Александра Илиевска (деветто одд.) | Театар од 1 до 9 одд |
| Маја Христовска (деветто одделение) | Средно училиште Алгоритам- Работилница pH вредност на раствори |
| | Дом за стари лица Мајка Тереза |
| | Детски филмски фестивал ЏИФОНИ од 6 до 9 одд. |
| | Меѓународна детска ликовна колонија од 7 до 9 одд |

## 12.Натпревари за учениците

Во текот на учебната 2023/2024 година, во рамките на додатната настава, наставниците подготвуваат заинтересираните ученици за учество на општински, регионални и државни ученички натпревари. Училиштето ќе ги организира сите училишни натпревари предвидени во програмата на стручните активи која се наоѓа во прилозите од годишната програма. Планот за ученички натпревари е во прилозите на годишната .

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните соработници и наставници. Директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција, ќе ја подобри меѓуетничката кохезија меѓу учениците во училиштето преку создавање услови за позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански вредности Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците ќе изработи план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите. Нашето училиште е мултиетничкотака што постојано се води грижа учениците без оглед на националноста да бидат вклучени во сите активности. Се води грижа кај учениците од сите етнички групи да се развива толеранција, развивање на почит и однос кон различностите и се определени активности во насока на меѓусебно запознавање. Формиран е тим одговорен за оваа компонента во состав: Кристина Андриќ Стојановска,
директор, Наташа Томшиќ координатор и членови: Љубица Манов-предметен наставник, Мери Синадиновска-психолог, Емилија Богдановска–педагог, ученички правобранител и претседател на ученички парламент.

## 14 .Проекти што се реализираат во основното училиште

1) Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – интегрираните планирања со избраните точки на акција од 9-те еко стандарди ќе се реализираат во сите паралелки од прво до деветото одделение. На 05.12.2023 година, се реализираше едукација на учениците од четврто одделение со цел подигање на еколошката свест, за рециклирање, селектирање, компостирање и реупотреба на отпад од страна на организацијата РЕЦ, поддржана од Општина Карпош.

2) Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието.Тимот за училишна интеграција ќе се грижи за спроведување на МИМО активностите на ниво на училиште и со проширување на партнерство содруги училишта, покрај партнерското училиште Лиман Каба. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои се планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличности меѓу двата етникуми, но и почитување на разликите помеѓу нив. Оваа учебна година 2023/2024, во октомври, се реализираа активности со училиштето Лиман Каба по основ на добиениот грант во износ од 30 000 денари од Министерството за Образование и наука и истите имаа за цел развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во училиштето. Исто така во ноември 2023 година се одржа состанок со партнер училиштето ООУ " Лиман Каба" за договор за аплицирање на проектот од МОН за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. Се договоривме да се одржат две спортски активности, една во нашето училиште и една во нивното училиште. Одговорни наставници ќе бидат наставниците по физичко образование, преметниот наставник, Наташа Томшиќ и психологот Мери Синадиновска.

3) Проект Училиштето како безбедно место - училиште без насилство - одговорниот тим во месец декември 2023 година ги идентификува и ги определи критичните места и форми и видови на насилството во училиштето, како и начините за справување со различните форми на насилство. Посебен акцент во оваа учебна година се стави на подигање на свеста кај учениците за безбедност, за сајбер насилството, злоставувањето во училиштето (bullying), училиштето како сигурна средина за сите ученици и превенција од насилство со организирани работилници и вон наставни активности.

4) Проект „АРИСЕ"-поддржан од страна на НВО Чекор по чекор е Проект за намалување на нееднаквостите во образованието кој се стреми да ја поддржи образовната и социјалната инклузија на ученици со низок социо-економски статус и врз основа на регионални и меѓународни искуства, осмислување на ефективна училишна програма за поддршка на тие ученици и придонесување кон намалување на последиците од сиромаштијата врз ученичките постигања и општата благосостојба на учениците со низок социо-економски статус.

Во тимот за спроведување на проектните активности беа вклучени директорот Кристина Андриќ Стојановска, специјалниот едукатор- рехабилитатор Маријана Грчевска Чадиковска, еден одделенски наставник Александра Смилковска и двајца предметни наставници Наташа Томшиќ и Ана Дионисиева. ARISE направи промена кај сите нас. Клучен настан беше тренингот за училишни тимови и училишен развоен план во Охрид. Научивме како да сонуваме и да се трудиме да создадеме добро училиште од аспект на наставници, ученици, родители, заедница. Создадовме слика на иднината која се стремиме да ја создадеме. Направивме договор за спроведување на активностите и план за нивно следење.

Нашата конкретната цел беше да се овозможат услови за постигнување на подобри

образовни резултати на 25 ученици од 1 до 4 одделение од нашето училиште кои се од семејства со низок социјален статус преку спроведување на интерактивни работилници за поучување со цел поддршка во учењето, но и организирање на спортски активности за нивно активното учество во училишниот живот.

Со таа цел се оддржаа 8 работилници со по 25 ученици од 1-4 одд со низок СЕС и кои немаат поддршка од родителите во процесот на учење. Работилниците се одржаа во просторијата опремена со интерактивната табла, дидактички материјал и надгледни средства и проектор, и истите беа реализирани од наставниот кадар по одделенска настава. Оливера Петрушевска и Александра Смилковска. Учениците имаат потешкотии во совладување на наставата и немаат поддршка од родителите во процесот на учење. На работилниците се стави акцент на учење на буквите, читање и пишување на македонскиот јазик, како и на извршување на домашните задачи. Учениците играа друштвени игри, гледаа видеа, слуша песнички и на интересен начин ги совладува зададените задачи.

2 работилници беа реализирани од страна на стручните соработници (психолог Мери Синадиновска и специјалниот едукатор-рехабилитатор на училиштето Маријана Грчевска Чадиковска) во рамки на самото училиште со истите ученици. Едната работилница беше на тема Другарство, а другата работилница на тема Врсничко насилство. Со интервенцијата беше испланирано да се обезбеди и поддршка на 8 деца и нивните родители кои се со низок СЕС, кои не посетувале градинка во с.Бардовци, за полесна транзиција и вклучување во основното образование.

За таа цел се испланираа 4 работилници и се организирани од наставниот кадар Наташа Томшиќ, Слободанка Пешевска и дефектолог Маријана Чадиковска ,со цел поддршка во стекнување на предзнаења кои се потребни за влез во 1во одделение, како и подигнување на капацитетите на родителите на децата за нивните обврски и важноста на образовниот процес за иднината на нивните деца.

Четирите работлиници кои се оддржаа беа за стекнување основни хигиенски навиики, за правилата во училница, културно однесување и врсничко насилство. Уенциите гледаа видеа, цртаа, изведуваа дијалози според гледаните видеа и даваа свое мислење.

Друга активност за поддршка во вклучувањето во училишниот живот се одвиваше надвор во нашето училиште со 20 ученици од прво до 4 одделение. Активноста се изведе во јуни од страна на наставникот по физичко образование Душко Деспотовски со 1 наставник од одделенска настава Александра Смилковска и 2 наставници од предметна настава Наташа Томшиќ и Ана Дионисиева, заедно со специјалниот едукатор-рехабилитатор Маријана Грчевска Чадиковска. Учениците играа полигон

Со оваа активност сакаме да ја поттикнеме социјализацијата, натпреварувачкиот дух, трпеливостта, почитувањето на правилата, меѓусебното почитување и помагање, другарувањето, намалувањето на насилството и за миг сите да се почувствуваат убаво и среќно, без разлика на социо-економскиот статус.

Со ARISE во училиштето развивме нова визија, мисија и осознавме нови вредности кон кои се стремиме да ги достигнеме како училиште. Се осмисли ефективна училишна програма за поддршка на ученици со низок социо-економски статус и се придонесе кон намалување на последиците од сиромаштијата врз ученичките постигнувања и општата благосостојба на учениците со низок социо-економски статус. Преку вклучување на учениците во образовниот процес и нивните активности се подобри климата во училиштето, се надминуваат разликите меѓу учениците и со тоа градиме пријателства, дружења, емпатија, соработки меѓу сите во

училиштето. Инвестициите на нови наставни средства од страна на ARISE придонесе кон полесно спроведување на наведените активности, бидејќи дел од овие деца имаат потешкотии во пишувањето и во говорењето на македонскиот јазик, па преку интерактивна настава и визуелизација на она што треба да го стекнат како вештина се олесни процесот на поучување.

Со ARISE добивме поголемо искуство и како тим кој беше директен учесник во овој проект, но заедно со сите други наставници, стручна служба, ученици, родители кои несебично се дадоа за овој проект да успее и да внесе новини во нашето училиште. Би продолжиле со истите работилници секоја година,_спортските игри и вклучувањето на заедницата ќе се организираат секоја година, а за тоа ќе побараме и поддршка од општината, како и подготовката на децата на возраст за влез во 1во одделение, особено за децата од ранливите категории на граѓани.

5 ) Проект -"Зајакнување на капацитетот на младите и наставниците за примена на мерки за сајбер безбедност и развој на ефективни училишни програми за спречување со сајбер насилството" Целта на овој проект е да се зголеми употребата на мерките за сајбер безбедност кај учениците и да се создаде мрежа на обучени наставници/едукатори кои ќе ги десиминираат знаењата и во други училишни заедници.

Проектот ќе вклучи пет пилот училишта од кои три средни и две основни училишта на територија на Град Скопје.Истиот го имплементира грѓанската организација Аналитика тинк-тенк а финансиски е поддржан од Канадската амбасада за Р.С.македонија, Р.Србија и Р.Црна Гора. Во рамките на проектот ќе биде обучен тим на наставници за имплементирање на програми од областа на сајбер безбедност и тим на ученици кои преку концептот на врсничка едукација ќе воспостават мрежа на ученици и ќе спроведуваат активност за сензибилизирање на учениците за примена на мерките за сајбер безбедност.

## 15. Поддршка на учениците

Постигнување на учениците

Во текот на првото полугодие на учебната 2023/2024 година се следат постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение и се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати. За учениците со потешкотии во учењето се реализираат советодавни разговори кои ги вршат педагогот, психологот и дефектологот и ги упатуваат на користење на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. На идентификуваните надарени ученици преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и се мотивираат да учествуваат на натпревари. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред пошироката општествена јавност како на пр. учество во телевизиски емисии, изложби, проекти и сл.

Професионална ориентација на учениците

Програмата за професионална ориентација во основните училиште има за цел да им помогне на учениците и нивните родители, односно старатели при изборот на средното училиште, согласно особенстите, способностите и афинитетите на учениците. Под професионална ориентација се подразбираат збир на активности и постапки, преку кои учениците ја остваруваат својата цел на ова поле, а основна цел на програмата е поттикнување на учениците активно да учествуваат во активностите на професионална ориентација, да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности, насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, самостојно да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирање на својата кариера.

Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која е приложена во прилозите на годишната програма.
Тимот за професионална ориентација е составен од психолог Мери Синадиновска и раководителите на паралелки Зоран Пржовски-8а, Александра Илиевска-9а и Наташа Томшиќ-9б .

Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Во првото полугодие на учебната 2023/2024 година училиштето продолжи со активностите кои се спроведуваа и во изминатата учебна година, за превенција против насилство кај учениците со цел да се намалат конфликтите меѓу учениците, да се развива

толеранцијата и позитивната комуникација помеѓу нив.

Се реализираа едукативни работилници со ученици и наставници за подобрување на социо- емоционалната состојба на учениците (работилница за толеранција, за разрешување на конфликти, за недискриминација, за детски права) и намалување на разните форми на антисоцијално однесување.

За определени области училиштето вклучува и надлежни институции (здравствени установи, ЦСР, МВР и други институции) и учество на стручни лица и организирање на активности во училиштето како и надвор од училиштето, социјални активности за интеракција која е осмислена и во функција на подобрување на соработката и соработка на тимот со стручни лица од социјални установи идруги институции.

Во училиштето е формиран тим за превенција од насилство и мировно образование и тоа: Кристина Андриќ Стојановска - директор, Слободанка Пешевска - одделенски наставник, Маја Христовска –предметен наставник, Александра Гаврилоска - одделенски наставник и Мери Синадиновска - психолог.Во училиштето е изработен интерен протокол согласно член 66 став 2 од Законот за основнообразование („Службен весник на РСМ“ бр.161/2019 година), за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од МОН (број: 18-6570/1 од 06.07.2020 година). Одговорни за спроведување на протоколот се одговорното лице

– психологот Мери Синадиновска и заменик одговорно лице – дефектологот Маријана ГрчевскаЧадиковска.

При секое наше делување ги почитуваме сите права на ученикот врз кој се врши насилство (жртвата), како еднаквост и забрана за дискриминација; право на самоопределување, право на приватност, доверливост, дискреција и непристрасност и ги вклучуваме сите засегнати страни за поефикасно решавање на проблемот.

## 16. Оценување

Видови оценување и календар на оценувањето

Во првото полугодие на учебната 2023/2024 година постигањата на учениците во училиштето се оценуваа описно и бројчано. Во училиштето се прави план за писменото оценување имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност се постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, степен на заинтересираност и ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата.

Постигнувањата на учениците се вреднуваа со примена на различни стратегии на оценување. За таа цел, начините со кои се оценуваа учениците беа разновидни и тоа:

- Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие)
- Оценување според Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците вопериодотна реализација на наставата преку далечинско учење

Врз основа на член 139 став (5) од Законот за основно образование "(Службен весник на Република Северна Македонија" бр 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука има донесено Правилник за начинот на оценување на учениците со ПОП, а истиот наставниците го спроведуваа и користеа при оценување на учениците со ПОП.

За учениците кои следат настава по ИОП при определувањето на описната и бројчаната оценка, наставникот ги има предвид постигањата на ученикот утврдени во наставната програма или во ИОП-от. Учениците со комплексни потреби кои следат настава според модифицирана програма се оценуваа описно во сите воспитно-образовни периоди на основното образование, согласно со индивидуалните постигања на поставените резултати од учењето и стандардите за оценување на индивидуалните постигања со кои се стекнуваа и развиваа знаења и вештини за самостојност, личен развој и социјални односи.

Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето во текот на првото полугодие направи анализа на состојбата на постигнатите резултати и пружаше поддршка на наставниците кои не посетиле обуки за оценување.

Тимот за следење, анализа и поддршка е во состав од психолог Мери Синадиновска, одделенски наставници Александра Смилковска и Александра Гаврилоска и предметни наставници Зорица Бебекоска Спиридонов и Александра Илиевска со конкретни задолженија, со операционализиран план за следење/период, наставен предмет/, СВОТ анализа на состојбите со оценувањето (квартално, по тримесечија споредбено), анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците, поддршка занаставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето. Планот е приложен во прилозите на Годишната програма.

Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во училиштето следењето и вреднувањето на работата на наставниците ја врши директорот на училиштето и стручните соработници како и од страна на Бирото за развој на образованието. Работата на воспитно-образовниот кадар ја следи првенствено самото училиште односно

директорот и стручниот соработник. Во текот на првото полугодие, директорот изврши непосреден увид кај секој наставникдва пати во текот на полугодието, со изготвени инструменти за следење (обрасци за разговор пред и попосетата, за следење на наставен час, рефлексија).

Самоевалуација на училиштето

Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегралната евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорот, кои се вршат согласно со закон.
На секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците,стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор. Во оваа учебна година, училиштето ќе работи на извештај за СЕУ запериодот од учебните 2023/2024 и 2024/2025 год, според индикаторите дадени од Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта, донесен врз основа на Законот за основно образование. За секој индикатор ќе работи тим од наставници кои ќе прибираатподатоци за работата на училиштето. Во училиштето е формирана Комисија за спроведување на самоевалуацијата составена од Кристина Андриќ Стојановска-директор, психолог Мери Синадиновска, Маријана Грчевска-дефектолог, Александра Гаврилоска - одделенски наставник, Ана Дионисиева -предметен наставник и Анкица Божиновска -родител . Во подготвителната фаза се формирани работни групи, составени од одделенски и предметни наставници, распоредени според областите засамоевалуација.
Во фазата на реализација, секоја работна група, врз основа на прашалник за наставници, родители и ученици, како и врз извршени увиди во извештаи, записници и друга достапна документација, ќе изготвипоединечени извештаи за самоевалуација.
Во фазата на известување и усвојување ќе се изготви нацрт извештај кој ќе биде достапен на сите структуриво училиштето и ќе се усвои од страна на седница на Училишниот одбор.
Врз основа на изготвената самоевалуација и планот за развој на училиштето, ќе се определат приоритетите кои ќе се вградат во годишните програми во наредниот двегодишен период.

## 17. Безбедност во училиштето

Како и секоја учебна година, училиштето се грижи за безбедноста на сите ученици, вработени, родители и посетители како и за училишниот објект. Во училиштето се води континуирана грижа за обезбедување и отстранување на места кои може да придонесат за повреди, направен е план за евакуација, а и во оваաучебна година како и во претходната се планираат и пробни евакуации со цел да се избегне паничното реагирање во некои критични ситуации. Определени се дежурства на наставниците за време на наставатакако и во училишниотдвор.

## 18. Грижа за здравјето

Хигиена во училиштето

Во првото полугодие во учебната 2023/2024 година, во училиштето се стави акцент на одржување на хигиената во тоалетите,училниците и училишниот двор, спортската сала и соблекувалните. Редовно се чистат училниците, санитарните јазли и холовите, а се организираа и акции со учениците со цел подигање на свеста за грижа за себе и околината. Задолжително се водеше грижа за заштита и превенција од ширење на заразни болести со грижа за редовно миење на рацете, обезбедување на потребни средства за дезинфекција на училниците, училишниотцмебел и санитарните јазли.
Училиштето континуирано соработуваше со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи, офталмолошки прегледи и вакцинации согласно со закон. Исто така задолжително се информираа родителите односно старателите на учениците, за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите. Училиштето во соработка со надлежни установи се грижи за социјалната заштита, посебно на ученици одранливи општествени групи.
Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците преку обезбедување информации базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост и промовирање на почитување на различностите.

Систематски прегледи

Здравствената заштита и здравственото образование опфаќа систематски прегледи за учениците од прво,трето, петто и седмо одделение и стоматолошки прегледи за второ, четврто и шесто одделение кои се реализираа во соработка сдоо Здравствениот Дом Ѓорче Петров. Одговорни наставници се одделенските раководители во соработка со психологот.

Вакцинирање

Освен систематските прегледи, здравствената заштита и здравственото образование опфаќа и имунизација и вакцинација на учениците од прво, второ и осмо одделение. Истите беа реализирани без да се попречува наставата во придружба на одговорните одделенски раководители. Целосната евиденција за оваа активност ја води психологот на училиштето.

**ЕВИДЕНЦИЈА**

**ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ВАКЦИНИ**
**на учениците во првото полугодие во учебната 2023/2024 година**

| Ред. бр. | Дата и време | Оддел. | Систематски, стоматолошки, вакцинации | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 14.09.2023 | IIа и IIб | Редовна ревакцинација со вакцина DTP и Polio | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| 2. | 14.09.2023 | IXa и IXб | Редовна ревакцинација со вакцина DT и Polio | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| 3. | 22.09.2023 | VIIa и VIIб | Систематски стоматолошки преглед | Здравствена книшка |
| 4. | 21.09.2023 | 12 годишни ученици | Стоматолошки прегледза проценка на ниво на кариес од стоматолошки факултет | |
| 5. | 02.10.2023<br>03.10.2023 | Via<br>Vib | Систематски стоматолошки преглед | Здравствена книшка |
| 6. | 30.10.2023 | VIIa<br>VIIb | Редовна вакцинација HPV за девојчиња | Здравствена книшка |
| 7. | 01.11.2023<br>02.11.2023 | Va<br>Vb | Систематски стоматолошки преглед | Здравствена книшка |
| 8. | 13.12.2023 | Ia | Систематски преглед, крвна слика и МРП вакцина | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |

Изготвил: Мери Синадиновска - психолог

Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во рамките на грижата за здравјето на учениците во училиштето се организираа едукативни предавања кои се реализираа на часовите на одделенската заедница, на кои учениците се запознаа со правилниот начин на исхрана. Исто така училиштето реализираше работилница со која се одбележа *Светскиот ден на храната - 16 Октомври* со цел едукација на учениците (од прво до деветто одделение) и родителите, односно старателите на учениците, за подигање на свеста и промоција, во соработка со Старскиот Дом „Мајка Тереза“, Злокуќани.

## 19. Училишна клима

Дисциплина

Со цел подобрување на училишната дисциплина вклучени се сите субјекти, како и родителите, односно старателите. Навремено се превземаат конкретни мерки: идентификација на ученици кои ја попречуваатдисциплината, советодавни разговори со ученици, родители, односно старатели и наставници, вклучување на родителите, односно старателите во организирани трибини. Одговорните дежурни наставници сосласно изготвениот распоред го одржуваа редот и дисциплината во училниците, со контрола за време на одморите во ходниците и училишниот двор. Воспитно-образовниот процес во училиштето се одвиваше според изготвените Протоколи за ученици, родители и вработени, Куќен ред на училиштето, Правилник за педагошки мерки, награди и пофалби. Во училиштето се води и писмена евиденција за тековните збиднувања за време на одморите.
Во училиштето е формиран тим за поддршка на учениците со изречени педагошки мерки и нивните родители: Мери Синадиновска - психолог, Маријана Грчевска Чадиковска - дефектолог и Благојче Бошковски - предметен наставник.

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во многу сегменти од воспитно-образовниот процес се води грижа за естетско и функционално уредување на училиштето. За естетското и функционално уредување на просторот во училиштето одговорни се сите субјекти, а особено учениците со цел да се подигне свеста за зачувување и разубавување на околината водејќи сметка и за мулти-културализмот во училиштето.

Етички кодекси

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу сите субјекти во училиштето. Изработен е *Кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите* и *Куќен ред во училиштето,* според кои се регулира однесувањето во училиштето за време на наставата како и вон неа меѓу наставниците, другите вработени, учениците и родителите како и сите останати посетители.
Изработен е Еко – кодекс кој претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот е истакнат на видно место.

Односи меѓу сите структури во училиштето

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу вработените и учениците. Во текот на првото полугодие се реализираа заеднички состаноци-работилници, дебати на кои се разгледуваа слабостите на комуникацијата со предлози за нови начини на комуницирање.
Се реализираа: заеднички прослави, екскурзии, посети и сл. кои имаа за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Детектирање на потребите и приоритетите

Тимот за професионален развој го сочинуваат претседателите на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручен соработник во училиштето.
Во училиштето е изготвена програма за професионален развој на наставниците во која се вклучени потребите на наставниците за обуки врз основа на детектираните приоритети од согледувањата на наставниците за нивните потреби од секојдневната практика.
Потребите за обуки се: е –, примена на современи наставни методи и техники, методи и техники за работа со деца со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, потешкотии во учењето, работа со талентирани и надарени ученици)и за оценување.

Активности за професионален развој

Во развојната програма на училиштето една од развојните цели е ефикасна и подобрена настава. За таа цел наставниците ќе посетуваат обуки, семинари кои ќе бидат организирани од МОН, БРО, УСАИД и др. како и се планираат и интерни обуки за менаџирање во училницата како и за создавање на позитивна социо-емоционална клима воучилницата.
По завршување на обуките, семинарите, работилниците од кои имаат потреба наставниците, ќе се изготвуваат акциони планови за истите, ќе се врши дисеминација од проектите, ќе се подготвуваат извештаи, ќе се прави евалуација и од неа ќе произлезат наредените приоритети за професионален развој.

Личен професионален развој

За сопственото стручно усовршување секој наставник и стручен соработник направи личен план за професионален развој за учебната 2023/2024 година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети надиректорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат.
Планот го одобри директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој во
училиштето. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие. Во учебната 2023/2024 година се планира следење и напредување на наставниците, што ќе се вреднува преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, ќе се вреднуваат резултатите и следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишанирубрики или статии во стручна литература и сл.

Хоризонтално учење

Во првото полугодие во училиштето стручните активи редовно одржуваа состаноци на кои се вршеше размена на професионалното искуство, се разгледуваа и дискутираа стручни теми во врска со наставата и дополнителната и додатната настава, оценувањето

и постигањата на учениците, се реализираа отворени часови, работилници.

Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Согласно член 31, 32, 33, 34 и 35 од Законот за наставниците и стручните соработници (Сл. весник на РСМбр. 161/19) наставниците можат да напредуваат во звања наставник – ментор и наставник – советник со исполнување на професионални стандарди пропишани од страна на министерот на предлог на Бирото и Центарот.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Еден од приоритетите е подобрување на комуникацијата и соработката со родителите. Родителите преку Советот на родители се вклучуваат во работата на училиштето по претходно изготвена програма за работа, Детектирани се состојбите во училиштето од типот на потребни поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, даваат предлози за организација на активности во училиштето, учествуваат во организирање на екскурзии, како и учество во донесување на решенија и одлуки во интересна сите субјекти во училиште и реализација на истите. Во училиштето се реализираа средби со родители, според изработен распоред за прием на родители/старателии истиот е истакнат на огласна табла и др. Програмата за работа на Советот на родителите е во прилозите на годишната програма.

Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите не се доволно вклучени во процесот на учење и токму во овој сегмент училиштето настојува да се подобри соработката со родителите, особено со родителите на учениците од ромската етничка припадност. Во ова полугодие тоа беше еден од приоритетите – родителите да бидат поактивнии да учествуваат во реализација на наставните планови и програми што е приложено во акциски план..
Преку Советот на родителите се изврши детекција на родители кои ќе покажат интерес за учество во реализација на часови. Ќе се организираат средби и акции со кои семејствата ќе помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали според нивните материјалниможности.
Иницијативите на родителите за поуспешна реализација на слободните ученички активности ќе се земаатво предвид како и предлозите за другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др.
Родителите се вклучуваат во планирањето на сите активности во училиштето, а на нивните предлози, идеи им се приоѓа со сериозност и уважување. Тие се вклучени во донесување на одлуки, преку советот на родители, ученичката заедница, детската организација, советот на паралелка и на ниво на училиште воучилишниот одбор.

Едукација на родителите/старателите

